berufsberatung.ch orientation.ch orientamento.ch

# Патот кон вработување и образование во Швајцарија

Информации за возрасните кои што живеат во Швајцарија

Вашето школување и образование го имате завршено во странство и сега барате работа во Швајцарија? Или можеби сакате во Швајцарија понатака да се школувате? На овие неколку страници ќе ги најдете најважните информации кои што ќе ви помогнат во првите чекори кон барање на работа и можности за понатамошно образование (школување).

**„Parlez-vous français?“ „Verstehen Sie Deutsch?“ „Parla italiano?“**
Без разлика, дали барате работа или сакате понатака да се школувате, еден од најважните предуслови е познавање на јазикот кој што се зборува во регионот каде што живеете, односно каде што сакате да се вработите[1]. Ако живеете во регион каде што се зборува германски: почнете со учење на книжевниот (литературниот) германски јазик! Со тоа ќе стекнете добра основа, за покасно и швајцарскиот германски да го разбирате – или пак дури и да го зборувате. За едно помошно (не квалификувано) работно место, може да е доволно бараниот јазик да го разбирате и малку ако знаете да го зборувате. Во последно време се повеќе се бара и за помошните, на квалификувани работни места, барем малку да знаете да читате, а за поодговорните работни места, треба многу добро да го познавате јазикот кој што се зборува во регионот. За понатамошно школување или можеби за студирање морате, комплицирани текстови да читате, разбирате и сами да составувате (да пишувате): зависно од вашата цел, морате да постигнете едно добро ниво на познавање на јазикот. Затоа, многу е важно да се информирате, кои јазични курсеви ви се потребни за постигнување на вашата цел. Впрочем: Јазикот не е важен само за барање на работа и за образование во Швајцарија. И инаку, познавање на јазикот е потребно за: да се разговара со соседот, при пазарење, за да се зборува со наставниците од вашите деца или пак, да зборува со некој лекар, за пополнување на формулари, за контактирање со државните службеници и т.н. И, после неколку година, ако саката (или ако морате) да баерате работа го имате првиот важен чекор веќе направено!

Преглед за јазични курсеви ќе најдете на интернет[2] Понатамошни информации за јазични курсеви ќе добиете во Бирото за професионална ориентација. Информации за Бирото за професионална ориентација ќе најдете на страна три од овој информативен лист.

**Совети за барање на работа**
За барање на работа многу е важно, кои лични документи (Аушвеис) имате: во зависност од тоа, кој аушвеис имате, фирмата што сака де ве запосли, пред да поднесе барање за работна дозвола, мора да докаже дека за бараното работно место не може да најде некој друг кандиадат кој што има подобри квалификации од вас.
Но и покрај тоа, зависно од економската ситуација, може да биде многу тешко да се најде работа во Швајцарија, посебо ако до сега воопшто не сте биле овде вработени. Затоа користете ги сите можности во Швајцарија да собирате работно искуство: на пример, приправничка работа, или можеби некоја работа за која што вие сте преквалифицирани. Можно е покасно во истото предпријатие да добиете подобро работно место, или можеби благодарение на приправничката работа ќе добиете добра препорака, со која што покасно при конкурирање за некое работно место ќе имате подобри шанси!
Исто така и доброволните (хуманитарни) работи може да бидат добра прилика да се стекнете со работно искуство и да се запознаете со лица (луѓе) кои што можеби ќе ви помогнат во понатамошното барање на работа.

[1] Швајцарија има четири официјални јазици: германски, француски, италијански и ретроромански (Rumantsch grischun)

[2] Јазични курсеви на интернет: www.w-a-b.ch

Раскажете им на вашите роднини, пријатели и познаници дека барате работа. Може би во предпријатијата каде што тие работат, има некое слободно работно место? Или може би нивните пријатели познаваат некого кој што знае каде има слободно работно место? Во Швајцарија голем број на луѓе се вработени, не преку конкурси кои што се објавени во штампа, него затоа што некој од кругот на нивните познаници им го има свртено вниманието кон некое слободно работно место!

Ако барате работа, обратет те се во регионалното биро за вработување.[1] Адресата ќе ја добиете во Собранието на општината каде што живеете. Во просториите на Регионалното биро за вработување се објавуваат слободни работни места. Секој што бара работа има право на советување.

## Признавање на странски дипломи

Во вашата татковина го имате завршено вашето образование и имате добиено, диплома, сведителство или потврда? Вие можете, вашата диплома да ја дадете да се контролира и така ќе сознаете која вредност таа ја има во Швајцарија. Дипломата, и ако се признае, тоа не е гаранција дека ќе најдете работа во вашата професија, посебно ако немете работно искуство стекнато во Швајцарија. На овој начин, ќе добиете корисни информации, и ќе знаете на кои работни места да конкурирате и кое понатамошно школување би можело да ви помогне.
Обратете се во Државното биро за информации .[2] Овде ќе дознаете како понатака да постапите.

## Швајцарскиот систем за школување и образование

Патот кон изучување на некоја професија, во Швајцарија, може да биде многу поинаков од оној во вашата татковина. Така да, во Швајцарија, само за мал број на професии мора да се школувате во средно училиште или на Униврезитет. Голем број швајцарски млади луѓе, по завршувањето на обавезното основно образование, изучуваат некоја “Професија„ (занает). За време од три до четири години тие се школуваат од една страна практично, во некое предприятие (Пракса), а од друга страна посетуваат и школо каде што изучуваат теорија. Во Швајцарија има одприлика 250 професии кои што можат по завршувањето на основното образование да се изучуваат. По завршувањето на основното стручно образование, за секоја професија постојат голем број на курсеви и можности за понатамошно образование. Информирај те се, кои можности пстојат за изучување на вазшата професија. Вака ќе дознаете, кои можности ги имате во случај да сакате понатака да се школувате и во кои бранши можете да барате работа.
Брошурата „Што после школото„ ќе ви даде добар преглед во системот за образование во Швајцарија. Брошурата преведена е на повеќе јазици и може да се разгледа или да се позајми во Бирото за професионална ориентација во вашиот регион.

---

[1]

| | |
|---|---|
| Во германско јазичните региони од Швајцарија: | Regionales Arbeitsvermittlungszentrum (RAV); www.treffpunkt-arbeit.ch |
| Во француските јазични региони од Швајцарија: | Office régional de placement (ORP); www.espace-emploi.ch |
| Во италијанските јазични региони од Швајцарија: | Ufficio regionale di collocamento (URC); www.area-lavoro.ch |

[2] 031 322 21 29;
www.bbt.admin.ch >Deutsch >Anerkennung ausländischer Diplome >Merkblatt
www.bbt.admin.ch >Français >Reconnaissance de diplômes et de certificats étrangers >notice d’information
www.bbt.admin.ch >Italiano >Riconoscimento dei diplomi e dei certificati esteri >promemoria

**Дополнително школување за возрасните**
За возрасните има различни можности како да се дошколуваат. Информирај те се во Бирото за професионална ориентација во вашиот регион.

**Финансирање на студирање и други понатамошни обраованија**
Ако вие се интересирате за понатамошно образование или за студирање, треба да размислите и за нивното финансирање. Повеќе студенти во Швајцарија финансиски се помогнати од нивните родители, или можеби пак тие покрај студирањето и работат, и така сами го финансираат своето понатамошно образование или своето студирање.
Само под сосема специјални услови може да се добие степендија[1].

**Различни понуди и информации во Бирото за професионална ориентација[2]**
Бирото за професионална ориентација треба да го посетите, ако сакате да се информирате и да дознаете кои патишта водат до вашата професија, односно ако озбилно размислувате и се грижите за васата професионална иднина во Швајцарија. Во Бирото за професионална ориентација ќе најдете информации за сите можни школувања и професии. Бирото за професионална ориентација располага со Инфотека. Инфотеката функционира како и една библиотека: вие можете, во време кога инфотеката е отворена, без предходно најавување, да појдете, да се информирате и информативен материјал да позајмите. Во инфотеката има уште голем број на други информативни листови и документи за разни теми, како на пример: адреси од Центрите за професионално ориентација во вашиот регион. Овие документи ги добивате на јазикот кој што се зборува во регионот. Само многу мал број на информации се преведени и на други јазици!
Ако во Инфотеката сами не можете да се снајдете, тогаш вие можете да закажете еден личен (поединечен) термин за разговор со еден специјалист со кој што би се посоветувале и би ја разгледале вашата ситуација (пријавувањето се врши директно во Инфотеката или пак на телефон). Овој разговор се води на јазикот кој што се зборува во регионот (за разговор на некој друг јазик мора да се распрашате и договорите). Бирото за професионална ориентација, не нуди работни места, али вие можете, со еден од специјалистите од бирото, да ги разгледате вашите професионлни можности или пак да го испланирате патот кон вашето вработување или вашето понатамошно образование.

Патот кон вработување и образование во Швајцарија, бара од вас голема стрпливост и издржливост.

---

[1] Најдобри инфирмации ќе добиете во Бирото за професионална ориентација или на интернет:

| | | |
|---|---|---|
| За германско јазичните региони во Швајцарија | Понатамошно школување | www.berufsberatung.ch/dyn/1385.asp |
| | Студирање | www.berufsberatung.ch/dyn/2680.asp |
| За француските јазични региони во Швајцарија | | www.orientation.ch/dyn/1157.asp |
| За италијанските јазични региони во Швајцарија | | www.orientamento.ch/dyn/1513.asp |

[2]

| | |
|---|---|
| Секој Кантон има најмалку барем едно Биро за професионална ориентација. Адресата ќе ја добиете во училиште или пак во Собранието на вашата општина: | www.svb-asosp.ch |

Бирото за професионална ориентација, почесто е по познато под некое специално име или можеби пак под некоја скратеница:

| | |
|---|---|
| Во германско јазичните региони во Швајцарија | BIZ, Laufbahnzentrum |
| Во француските јазични региони во Швајцарија | OP, OSP, OROSP, CIO, CIP, OOFP |
| Во италијанските јазични региони во Швајцарија | orientamento, UOSP |